Бр. 04-3856/2
06-03-2026 **2026 год.**
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот интерен оглас бр. 01/2026, објавен на 19.2.2026 година, на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, за унапредување на 13 (тринаесет) административен службеник, в.д. директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на 3.3.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 01/2026

1. За извршител на работното место реден број 10 од Огласот **бр. 01/2026** Републички контролор инспектор, со звање републички контролор инспектор и шифра на работно место ФЗО0102Б04002, во Сектор за контрола, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Меријеме Решиди.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуирани административни службеници и предлог Одлука за избор на прворангираниот кандат по Интерен оглас бр. 01/2026 бр. 04-3321/6 од 6.3.2026 година.

3. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од реден број 1 по конечноста на оваа одлука, со што ќе се донесе решение за унапредување на административен службеник и решение за утврдување на плата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 19-943/2 и бр.945/2 од 9.2.2026 година, Секторот за управување со човечки ресурси на 19.2.2026 година, објави Интерен оглас број 01/2026 година на веб-стрницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, за унапредување на 13 (тринаесет) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од точка 1 на оваа одлука Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на в.д. директорот со Решение бр.04-3321/3 од 26.2.2026 година, направи административна селекција и одржа интервју со кандидатот кој

што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција број 04-3321/6 од 6.3.2026 година, за Интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 13 (тринаесет) административен службеник, и изготви Финална ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат за интерниот оглас 01/2026 за унапредување број 04-3321/6 од 6.3.2026 година. Врз основа на ранг-листата, в.д. директорот донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

В.Д. ДИРЕКТОР
Сашо Клековски

Изготвил: Анета Стојкоска
Контролирал: Радица Димовска
Одобрил: Зоран Печевски
Лекторирал: Виолета Ташаминов

Доставено до:
- Архива на ФЗОРСМ;
- Избраниот кандидат;
- Сектор за управување со човечки ресурси на ФЗОРСМ;

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk